РЕЦЕНЗИЈА

За Александар Саша Саздовски, кандидат за дописен член на МАНУ

Сашо Саздовски е скулптор и истражувач. Роден е во 1976 година во Скопје, Р. Македонија. Во 1985 година завршува средно уметничко училиште за применета уметност, отсек вајарство во УПУ „Лазар Личеноски“ во Скопје. Во 2000 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности на катедрата за скулптура со графички дизајн, а во 2002 година магистрира на истата катедра. Уметничката практика на Сашо Саздовски е научноистражувачка. Во своите истажувања тој е фокусиран на прашањата за бесконечноста како одраз на нашето ограничено постоење во времето и во просторот.

Неговото творештво се одликува со карактеристична ликовна изразност со чисти форми и упорноста да работи во мермер, класичен, прастар пристап во скулптурата во камен. Во почетокот на својата кариера напоредно со скулптурата се занимава и со дизајн. Во 2002 ја дизајнира плакетата за МИМ Македонски Институт за медиуми за наградата најдобра новинарска приказна. Од 2003 до 2014 ја изработува плакетата „Жан Моне“ за Делегацијата на Европската Комисија при ЕУ. Во 2005 се вработува како графички дизајнер во маркетинг агенцијата Креатива Нова. Тој е автор на решението за дизајнот и на двете позначајни плакети во Македонија, онаа за најдобар актер на годината од областа на драмските уметности и за најдобар роман на годината за наградата „Славко Јаневски“.

Од 2012 година работи како редовен професор за ликовна уметност во СУГС „Раде Јовчески Корчагин“ во Скопје. Бил член на жирито за селекција на симпозиумот за монументална скулптура во Даугапилвс, Летонија. Во 2023 година е визитинг професор на Универзитетот за уметност и дизајн Архипелаго во Сокотра, Република Јемен.

Досега има реализирано триесетина самостојни и околу седумдесет групни изложби и тоа во значајни музеи и галерии во Македонија и во странство.

Саздовски е добитник на значајни меѓународни награди во повеќе земји, со што неговото творештво добива меѓународна потврда. Во 2001 добитник е на откупна награда за скулптурата „Бесконечност“ на годишната изложба на ДЛУМ, наградата за скулптура „Јордан Грабул“ во 2001 и во 2009 година, наградата за минијатурна скулптура „Димо

Тодоровски“ во 2009 година, наградата за скулптура мал формат „Адам Кастрати“ во 2019 година и наградата „Боро Митриќески“ во 2023 година. Од интернационалните награди позначајни се: првата награда за скулптура избрана од градот на културата Умеа 2014, врачена во Париз и специјалната награда за скулптура „Оскар Кокошка“ во Похларн, Австрија. Добитник е на две плакети од обласТа на скулптурата во 2006 година за две скулптури во јавен простор во градското собрание на Адош Коњадош во Португалија и плакета за јавна скулптура во Прощтеов, Република Чешка во 2008 година.

Најзначаен сегмент во неговата креативна кариера е реализацијата на монументални скулптури во јавен простор. Саздовски досега има реализирано над 20 јавни скулптури во Аргентина, Саудиска Арабија, Оман, Алжир, Шпанија, Катар, Азербејџан, Словенија, Обединети Арапски Емирати, Турција, Косово, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Летонија, Русија, Италија, Австрија, Германија, Данска, Република Чешка, Португалија и Република Македонија. Од 2000 година член е на ДЛУМ.

Поради сето погоре кажано, со задоволство го предлагам Александар Саша Саздовски за дописен член на МАНУ.

Акад. Газанфер Бајрам

**РЕЦЕНЗИЈА**
**ЗА САШО САЗДОВСКИ,**
**кандидат за дописен член на МАНУ**

Сашо Саздовски е скулптор и истражувач. Роден е во 1976 година во Скопје, Македонија. Во 1985 година завршува средно образование во Училиштето за применета уметност „Лазар Личеноски", отсек вајарствово, во Скопје. Во 2000 година дипломирал на Академијата за ликовни уметности на катедрата за скулптура со графички дизајн во класата на Драган Попоски-Дада. Во 2002 година магистрира на катедрата за скулптура кај истиот професор на Академијата за ликовни уметности во Скопје. Неговиот магистерски труд под наслов „Енергија" опфаќаше седум монументални скулптури во камен кој ги работеше во рудникот за мермер „Бела Пола" во Прилеп.

Мермерот е благороден материјал што се користел уште во предантичката архитектура и скулптура, во ренесансата, барокот, реализмот, па сè до денешни денови. Со избирањето на мермерот како изразно средство за реализација на своите скулпури, Сашо Саздовски го избра и најтешкиот пат во скулптурата, каде што се бара психичка и физичка стабилност и концентрација, бидејќи можностите за корекции и доработка во мермерот се минимални.

Мермерните скулптури на Саздовски претежно се наменети за јавен и отворен простор, бидејќи таму најмногу доаѓаат до израз. Тој има и мали интимистички скулптури кои можат да бидат погодни за ентериер или за затворен музејски простор. Некои од тие мали скулптури можат да послужат како студии за реализирање на монументални парковски скулптури.

Уметничката практика на Сашо Саздовски е научноистражувачка. Во своите истражувања, тој е фокусиран на прашањата за бесконечноста како одраз на нашето ограничено постоење во времето и просторот.

Од 2012 година работи како професор по ликовна уметност во во СУГС „Раде Јовчески Корчагин" во Скопје. Во 2017 година, по покана на директорот на музејот „Марк Ротко", Морис Чачка, бил член на жирито за селекција на симпозиумот за монументална скулптура во Даугафпиле, Летонија, а во 2023 година бил визитинг-професор на Универзитетот за уметност и дизајн „Архипелаго" во Сокотра, Република Јемен.

Во неговата богата творечка кариера досега, има реализирано триесетина самостојни и околу седумдесет групни изложби и тоа во значајни музеи, галерии и центри за современа уметност во Македонија и во странство. Добитник е на многу награди и признанија во областа на скулптурата.

Најзначаен сегмент во неговата креативна кариера е реализацијата на монументални скулптури во јавен простор.

Сашо Саздовски досега има реализирано над 20 јавни скулптури во Аргентина, Саудиска Арабија, Оман, Алжир, Шпанија, Катар, Азербејџан, Словенија, Обединети Арапски Емирати, Турција, Косово, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Летонија, Русија, Италија, Австрија, Германија, Данска, Република Чешка, Португалија и Република Македонија.

Акад. Васко Ташковски